ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 11-108/1
27.03 2025 год.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

Врз основа на член 2 став 1 алинеа 10 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр.02-206/1 од 29.06.2021 година, а во врска со член 4 став 1 алинеја 15, член 7 став 1 алинеа 6 и член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион – донесена во истоветен текст од Советите на 11-те општини во состав на Источен плански регион (Пречистен текст од 2021 година) и член 28 став 1 алинеја 6 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/21, 174/21 и 241/24), Советот за развој на Источен плански регион на седницата одржана на ден 27.03.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година

член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година со Годишниот извештај за финансиското работење за 2024 година, кој е составен дел на Годишниот Извештај за работењето.

член 2

Годишниот Извештај за работењето на Центарот, чиј составен дел е и годишниот Извештај за финансиското работење на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година, е составен дел на оваа Одлука.

член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.


Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Борчо Коцев

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН Штип

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-92/1
18.03. 2025 год.
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2024 ГОДИНА



Март 2025

ПРЕДЛАГА:
Директор на Центарот за развој на Источен плански регион

ИЗГОТВУВА:
Центар за развој на Источен плански регион

УСВОЈУВА:
Совет за развој на Источен плански регион

Врз основа на член 4 став 1 алинеа 15 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Центарот за развој на Источен плански регион го подготви следниот:

Годишен извештај за работењето на
Центарот за развој на Источен плански регион
за 2024 година

ОПШТ ДЕЛ

I. ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), согласно Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21, 174/21 и 241/24) во својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Источниот плански регион (**Берово,, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип**).

Центарот е регистриран на 26 мај 2008 година, започнува со работа од 1 октомври 2008 година.

Надлежностите и делокругот на работа на Центарот за развој се утврдени во член 30 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21, 174/21 и 241/24).

Седиштето на Центарот е во Општина Штип, како единица на локална самоуправа со најголем број жители (член 26 став 7 од Законот за рамномерен регионален) на ул. „Ванчо Прке" број 119 кат 2, 2000 Штип, тел: 032/386-408, 032/386-409, е-маил: eastregion@eastregion.mk и веб страна www.eastregion.mk.

II. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ

2.1. *Директор*

Директор на Центар за развој на Источен плански регион.

2.2 *Стручна служба*

А. Одделение за стратешко планирање и имплементација на проекти, поддршка на бизнис секторот и информатичко-комуникациска технологија

- Раководител на одделение
- Координатор за стратешко планирање и регионален развој
- Координатор за регионален развој и инвестициски проекти
- Соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко-комуникациска технологија

Б. Одделение за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси

- Раководител на одделение
- Координатор за нормативно-правни и општи работи и управување со човечки ресурси
- Соработник за административни работи
- Хигиеничар/ка

В. Одделение за јавни набавки

- Раководител на одделение
- Координатор за јавни набавки

Центарот во текот на 2024 година има вкупно 6 (шест) вработени и 1 (еден) привремен агенциски работник за вршење на привремени работи поради замена на привремено отсутен работник, заклучно со 18.04.2024 година.

Бројот на вработените по работни места на ден 31.12.2024 година е: Директор – еден извршител (1), Координатор за стратешко планирање и регионален развој – тројца извршители (3), Координатор за нормативно-правни и општи работи и управување со човечки ресурси – еден извршител (1) и еден соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко-комуникациска технологија (1).

III. ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

3.1 Услуги за поддршка на Советот за развој на Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

3.2 Услуги за поддршка на Советот за социјална заштита на Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

3.3. Услуги за поддршка на Меѓуопштински совет за управување со отпад во Источен плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

3.4 Услуги за општо информирање

- Интернет страна: www.eastregion.mk , www.investineastregion.mk;
- Facebook: Centre for Development of the East planning region;
- Facebook: Regional social point in East planning region;
- Instagram: eastregion.mk;
- YouTube: East Planning Region;
- Поддршка на порталот: www.culturalbridge-cbc.org;
- Поддршка на порталот www.ipacbc-joint-future.org;
- Поддршка на порталот: www.cbc-green.com;

3.5 Консултански услуги за подготовка и имплементација на проекти

- Информирање за достапни фондови и отворени повици;
- Подготовка на предлог - проекти;
- Реализација на проекти;
- Фасилитирање партнерства;
- Советувања при имплементација на проекти.

3.6 Обуки, работилници и услуги

- Реализација на обуки и работилници;
- Организација и менаџирање на обуки од трети лица;
- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и надвор од него;
- Настани за градење свесност за Регионалниот развој;
- Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој.

3.7 Услуги за промоција

- Организирање на промотивни настани и учество на саеми и друг тип настани во име на регионот;
- Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот;
- Поддршка при учество на саеми и други манифестации.

3.8 Лобирање

- Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот;
- Лобирање за потребите на бизнис секторот.

3.9 Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија

- Организирање на промотивни настани и советодавни информативни средби;

- Формирање дата база на податоци за евиденција на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион;
- Интерактивен веб портал.

3.10 Услуги за промоција на социјално претприемништво

- Промовирање на социјални претпријатија;
- Поддршка за учество на саем за социјални претпријатија;
- Организација и средби помеѓу засегнати страни на национално и регионално ниво;
- Подигнување на свесност за социјално претприемништво.

3.11 Зајакнување на регионот како атрактивна дестинација за еко туризам

- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и пошироко;
- Градење на капацитети на општините за потенцијалите од развојот на еко туризмот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот.

АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ВО 2024 ГОДИНА

Центарот за развој на Источен плански регион согласно своите можности и надлежности, аплицира и реализира проекти финансирани од националниот Буџет (преку Програмата за рамномерен регионален развој, Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка за земјоделието и руралниот развој) како и средства обезбедени од фондови на Европската Унија и останати меѓународни донатори.

Во годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година, табеларно и хронолошки се прикажани проектите што Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше во текот на 2024 година, дел од проектите што се во завршна фаза на реализација како и информација за одобрени проекти за финансирање.

I. Проект финансиран од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година

Преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година, која се спроведува преку МЛС – БРР, проектот **„Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов" во Општина Виница"**, на 31.05.2024 година е целосно реализиран, со вкупна вредност на инвестицијата од 25.585.254,00 денари, средства обезбедени од страна на МЛС-БРР и ко-финансирање од општина Виница.

Со реализацијата на проектот, културниот дом „Тошо Арсов" доби нов кров, фасада, електро и машинска инсталација, модерно дизајниран простор за 200 посетители, сцена и опрема, што се потребни за да ги задоволат потребите на современо проектирање на филмови и изведба на драми и други театрални случувања.

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Буџет	Извор на финансирање
1.	„Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - **Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов" во Општина Виница"**	Реализиран проект	25.585.254,00	МЛС – БРР, Општина Виница

II. Проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

Согласно Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21, 174/21 и 241/24) и двогодишната Програма за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година (Сл. весник на РСМ бр. 84/2021), со Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 278/21, 284/21, 210/22, 226/22), на Центарот за развој на Источен плански регион му беа доделени договори за реализација на 7 (седум) проекти од кои 6 (шест) проекти се целосно реализирани, а 1 (еден) проект е во завршна фаза на реализација.

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	Градски пазар во Делчево – отворен и затворен дел (II фаза)	Реализиран проект	28.570.654,89	МЛС - БРР, Општина Делчево
2.	Осветлување на дел на магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица	Реализиран проект	6.313.007,98	МЛС – БРР, Општина Македонска Каменица
3.	Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион – Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани **Дел 1** – Партерно уредување во склоп на објект Дом на млади – Штип **Дел 2** - Реконструкција на градски парк Кочани	Реализиран проект	10.614.387,87	МЛС – БРР, Општина Штип, Општина Кочани
4.	Подобрување на инфраструктурата за развој на туризмот **Дел 1** – локален пат во Берово **Дел 2** - доуредување на локалитет Лесново	Реализиран проект	8.056.541,00	МЛС – БРР, Општина Берово, Општина Пробиштип
5.	Партерно уредување на рекреативен центар во туристичка населба Рамна река - Општина Пехчево Фаза 1	Реализиран проект	6.667.737,00	МЛС – БРР, Општина Пехчево
6.	Енергетски ефикасен, пристапен и достапен објект за сите - општина Виница	Завршна фаза	12.933.323,00	МЛС – БРР Општина Виница
7.	Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион со ревизија	Реализиран проект	4.595.262,00	МЛС – БРР, Општина Делчево и Општина Штип **Резервни средства**

III. Проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21, 174/21 и 241/24) и Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година со Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони на Центарот за развој на Источен плански регион се доделени вкупно 5 (пет) договори за реализација на проекти („Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 226/22 од 25.10.2022 година). Во текот на 2024 година целосно се реализирани 4 (четири) проекти за развој на Источниот плански регион.

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	Подобрување на условите за развој на манифестациски туризам - Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница	Реализиран проект	14.773,120,00	МЛС - БРР, Општина Виница
2.	Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во ИПР **Дел 1:** Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и **Дел 2:** Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село.	Реализиран проект	13.842.275,00	МЛС – БРР, Општина Карбинци, Општина Штип
3.	Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза	Реализиран проект	6.621.429,00	МЛС – БРР, Општина Пехчево
4.	Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река	Реализиран проект	9.474.207,00	МЛС – БРР, Општина Зрновци

IV. Проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/21, 174/21 и 241/24) и Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, согласно Одлука за утврдување на Листа на предлог - проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година, бр.11-50/1 од 01.02.2023 година донесена од Советот за развој на Источен плански регион, Центарот за развој на Источен плански регион во март 2023 година аплицираше со 5 (пет) предлог – проекти. Со Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година (Службен весник на РСМ бр. 247/23) и Исправка на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година (Службен весник на РСМ бр. 256/23), на Центарот за развој на Источен плански регион се доделени 3 (три) Договори за реализација на проекти во Источен плански регион. Во текот на 2024 година целосно се реализирани 2 (два) проекти за развој на Источниот плански регион.

#	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион; Инсталирани фотоволтаични системи на 12 јавни објекти.	Реализиран проект	13.700.228,00	МЛС - БРР, Општините Виница, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица и Штип.
2.	Збогатување на туристичката понуда на Источниот плански регион. Дел 1: **Поплочување на улици во автентичен стил во населба Ново Село – II фаза;** Дел 2: **Изградба на рекреативен комплекс во с. Пишица;** Дел 3: **Доуредување на барски екосистем Езерце – III фаза**; Дел 4: Изградба на пешачко-велосипедска патека на Беровско Езеро	Дел 1, 2 и 3 реализирани Дел 4 во фаза на реализација	23.549.362,00	МЛС – БРР, Општините Берово, Пехчево, Пробиштип и Штип

V. Аплициран проект за финансирање во рамки на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година – Министерство за локална самоуправа

Ред. бр.	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	Изработка и ревизија на проектна документација за изградба на регионален центар за трансфер на технологија и поддршка на претприемништвото и индустријата во ИПР	Поднесен - нефинансиран	3.673.293,00	МЛС

VI. Аплициран проект за финансирање во рамки на Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година за правни и физички лица, непрофитни и невладини организации и научни и образовни институции, Јавни установи, Национални паркови – Министерство за животна средина и просторно планирање

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	Изработка на комплетна техничка документација за изградба на регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион	Поднесен - нефинансиран	2.240.000,00	МЖСПП

VII. Аплицирани проекти за финансирање од Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2024 година

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Буџет	Извор на финансирање
1.	Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во ИПР" за општините Берово, Македонска Каменица, Пробиштип и Штип. Вкупна должина од 4.275 м.	Поднесен - нефинансиран	8.142.767,00	МЗШВ и општините Берово и Штип

VIII. Реализација на проект финансиран од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој

Од Повикот од 2015 година, проектот **„Изработка на УПС во Општините Кочани, Чешиново-Облешево, Карбинци, Пехчево, Зрновци и Македонска Каменица"** е целосно реализиран во 2023 година, со вкупен буџет на проектот од 22.886.095,00 денари. Од страна на Советите на општините усвоени се сите 22 УПС.

Ред. бр.	Назив на проектот	Буџет	Статус	Извор на финансирање
1.	Изработка на УПС за села во ИПР за општините Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево	11.443.047,00	Усвоени 22 УПС Реализиран проект	**Мерка 322** АФПЗРР Кофинансирање од страна на општини Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Зрновци, Чешиново-Облешево и Пехчево;

IX. Реализација на проект финансиран од Грантова шема на проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза

Во рамки на Грантовата шема во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза, одобрен проект за финансирање од спроведениот форумски процес во 2022 година беше проектот за **„Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица Др. Иван Влашки" 4та ламела во Општина Берово.** Во текот на 2024 година целосно се реализирани:

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	**Инвестициски проект со дигитална компонента** Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица Др. Иван Влашки – Берово **(градежни активности)**	Реализиран	**14.566.424,00**	СДЦ, МЛС, Општина Берово
2.	Набавка на мебел и мебел по нарачка за опремување на Дом за стари лица Др. Иван Влашки – Берово	Реализиран	**2.050.160,00**	СДЦ, МЛС
3.	Набавка на текстилни материјали и производи за опремување на Дом за стари лица Др. Иван Влашки" – Берово	Реализиран	**333.430.00**	СДЦ
4.	Набавка на наменска опрема за апаратура, електрични апарати за потребите на Домот за стари лица Др. Иван Влашки – Берово	Реализиран	**1.040.563,00**	МЛС, Општина Берово
5.	Набавка на возило со вградена пристална рампа за потребите на Домот за стари лица Др. Иван Влашки Берово	Во тек на реализација	**1.593.000,00**	СДЦ
6.	Набавка, инсталација и монтажа на автоматски дизел електрични агрегати за Домот за стари лица Др. Иван Влашки Берово	Во тек на реализација	**1.907.588,00**	СДЦ, МЛС, Општина Берово
7.	Набавка и монтажа на медицинска опрема	Во тек на реализација	**158.646,00**	МЛС

Краен рок на реализација на проектот за „Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица Др. Иван Влашки" – Берово е заклучно до 28.02.2025 година.

X. Реализација на проекти финансирани од Националниот буџет

Иницијативата на Советот за развој на Источен плански регион која беше доставена до Владата на Република Македонија во 2019 година заедно со изработената Физибилити студија за воспоставување на ски центар на Царев Врв, беше прифатена и воспоставувањето на ски центар на Царев Врв е внесен во националниот план на стратешки приоритетни проекти.

На 23.06.2023 година е потпишан Меморандум за соработка помеѓу Центарот за развој на Источен плански регион, Центарот за развој на Североисточен плански регион, општините Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Кратово и Крива Паланка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Врз основа на потпишаниот меморандум, Центарот за развој на Источен плански регион поднесе Барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за користење на средства во износ од 6.000.000,00 денари од Програмата за поддршка на руралниот развој за 2024 година, за подготовка на основна планска документација.

Во текот на 2024 година спроведени се две постапки за доделување на Договор за јавна набавка на услуги за ревизија, ажурирање и дополнување на постојната физибилити студија за Ски центар Царев Врв со изработка на идеен проект. Поради недостаток на средства, проширена е Програмата на МЗШВ и доделени се дополнителни средства на вкупен износ од 9.000.000,00 денари за кои во тек на 2025 година по потпишување на Договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе се спроведе нова постапка за доделување на Договор за јавна набавка и ќе се започне со реализација на проектот.

Ред. број	Назив на проектот	Статус на проектот	Вкупен буџет	Извор на финансирање
1.	„Ревизија, ажурирање и дополнување на постојна физибилити студија за ски центар Царев Врв со идеен проект "	Во фаза на реализација	9.000.000,00	МЗШВ

Во текот на 2024 година, Центарот за развој на Источен плански регион врз основ на потпишаниот Меморандум за соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за планирање на просторот за спроведување на проект од државен интерес за изработка на просторен план на Република Северна Македонија, спроведе повеќе активности за започнатиот процес во однос на собирање на расположлива документација од регионот и поддршка на процесот.

Во текот на 2024 година, Центарот за развој на Источен плански регион активно учествуваше и го поддржа процесот за изработка на Националната развојна стратегија и зеде учество на експертските дебати за поврзаноста на НРС со просторното планирање и регионалниот развој.

Во текот на 2024 година Центарот за развој на Источен плански регион активно учествуваше во реализацијата на проектот „Воспоставување на систем за меѓурегионално управување со отпад" како поддржувач на процесот во координација со општините во состав на Источниот плански регион, МЖСПП и избраните економски оператори.

XI. ИНТЕРРЕГ VI - А ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2021-2027 година

Во рамките на ИНТЕРРЕГ VI - А ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија – Северна Македонија 2021-2027 година, на првиот повик за аплицирање со проектни концепти кои придонесуваат за постигнување на специфичната цел 1.2 **„Развој на атрактивен и целогодишен туристички производ преку интелигентни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество"** на Територијалната стратегија, Центарот за развој на Источен плански регион, аплицираше како Водечки партнер со проектот "**Integrated development of distinctive cultural and close-to-nature tourism in East planning and Blagoevgrad region" (SERENE)**, „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград", истиот е позитивно оценет, одобрен за финансирање, се очекува потпишување на Договор за финансирање на вкупен износ од 1.078.128,00 евра во 2025 година.

Предвидени активности:

- Реконструкција на планинарски дом Црн Врв во Општина Пробиштип;
- Изградба на рекреативен комплекс под Езеро Градче во Општина Кочани;
- Реконструкција на куќа, традиционална архитектура во Ново Село, Општина Штип;
- Реконструкција на мал сместувачки капацитет во Бања Кежовица;
- Партерно уредување на Л'ци, Ново село, Општина Штип;
- Изработка на self-guided туристичка понуда за Источен плански регион;
- Идентификација на потенцијални микро дестинации за здобивање на Green label destination сертификат;
- Идентификација на потенцијални производи кои што треба да зпаочнат со постапка за добивање на статус со заштитено географско потекло;
- Организација на камп за млади со обука за зачувување на животната средина и ориентација во природа;
- Обуки за јакнење на капацитети на претставници од туристичкиот сектор и др.

Во јули 2024 година е потпишан Договор за финансирање на проектот **„EcoScape: Трансформирање на урбаните делови со зелена инфраструктура", "EcoScape: Transforming of urban sites with Green Infrastructure",** аплициран по Приоритет 1. Позелен прекугранично регион, специфична цел 1.1. Подобрување на заштитата и зачувањето на природата, биодиверзитетот и зелената инфраструктура, вклучувајќи во урбаните подрачји и намалување на сите форми на загадување во рамки на Програмата за прекугранична соработка Интеррег - ИПА Бугарија – Северна Македонија INTERREG VI-A IPA 2021-2027, на вкупен износ од 867.653,00 евра, во партнерство со Општина Штип и Општина Гоце Делчев од Република Бугарија.

Предвидени активности:

- Изработка на стратегија за зелена инфраструктура за Источен плански регион;
- Изработка на концепт „Штип – зелен град";
- Јавна кампања за зголемување на свесноста за зелена инфраструктура;
- Инвестициски мерки поврзани со зелена инфраструктура, уредување на зелени простори на територија на општина Штип, два урбани паркови и џебен парк со цел развој на природни урбани зелени површини.

XII. Аплицирани и финансирани проекти во рамки на Програмата Interreg Europe

На повикот од Програмата Interreg Europe се поднесени 3 (три) проектни предлози. Сите 3 (три) проекти се одобрени и се очекува да започнат со имплементација во тек на месец мај 2025 година. Проектите се:

- Проект за развој и унапредување на конкурентна и иновативна регионална економија, Enhancing regional and local hubs for attraction and retention of talents and investments (MAGNET), Унапредување на регионалните и локални центри за привлекување и задржување на таленти и инвестиции (МАГНЕТ);
- Проект за развој и подобрување на социјална, физичка и ментална благосостојба и здравје на старите лица во регионот, Active Ageing Centres: Enhancing Social, Physical, and Mental Health for Elderly Well-Being (ACT-AGE), Центри за активно стареење: Подобрување на социјалното, физичкото и менталното здравје и добросостојбата на постарите лица (ACT-AGE);
- Проект за зачувување, унапредување и овозможување полесен пристап до богатото културно наследство во регионот, Preventive appROaches To the conservation of Europe´s Cultural Heritage, Превентивни пристапи кон зачувување на европското културно наследство.

XIII. Аплицирани проекти во рамки на Interreg EuroMED Програмата

На повикот од Програмата Interreg EuroMED е поднесен 1 (еден) предлог-проект SMART Water solutions.

Предвидени активности:

- Подигнување на капацитетите на НВО за зачувување, управување и туристичката вредност на водните ресурси;
- Подигнување на капацитетите на јавната администрација за зачувување, управување и туристичката вредност на водните ресурси и
- Јавна кампања за подигнување на свесноста на локалното население за значајноста на водните ресурси.

XIV. Активности на Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година

Со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, во текот на 2014 година формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамки на постојните Центри за развој на планските региони, кои треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет - целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет - зголемено мени на услуги и опфат на корисници.

Во текот на 2024 година Бизнис Центарот спроведе серија на активности сè со цел поддршка на бизнис секторот во регионот во насока на поттикнување на економскиот раст и развој на регионот. Како дел од активностите на Бизнис Центарот беа спроведени:

- Ажурирање на евиденцијата на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион од значење за регионалниот развој;
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор (непрофитни, образовни, локални агенции и единици на владини агенции, консалтинг фирми, правници, сметководители и сл.);
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за достапните „greenfield" и „brownfield" локации;
- Информативни објави за годишни активности на ФИТР, МЕ и останати институции за тековната 2024 година;
- Информации до МСП за отворени јавни повици за поддршка на бизнис секторот;
- Информативна објава за годишни активности на ФИТР за 2024 година;
- Ажурирање на интерактивниот веб портал: www.investineastregion.mk;
- Ажурирање на facebook страната: Бизнис центар на Источен плански регион.

XV. Останати активности на Центарот за развој на Источен плански регион

Центарот за развој на Источен плански регион организираше и поддржа повеќе информативни средби и работилници за потребите на Министерството за локална самоуправа, линиски министерства, општините и останати агенции и институции.

- Завршен настан за промоција на резултати од Програма за зачувување на природата (SDC, ПЗП);
- Работилница „Дигитална Декада - Подобрување на квалитетот на јавните е-услуги во Северна Македонија" (УНДП);
- Одржани состаноци во рамки на проект „Затворање на нестандардни и диви депонии во Источниот регион" (МЖСПП, ЦФСД, ЕУ Делегација, општини ИПР);
- Седница на Меѓуопштински одбор за управување со отпад;
- Работилница „Корпоративна општествена одговорност и бизнис ангели - движечка сила за приватниот сектор" (УГД);
- Панел дискусија „Земјоделство и Рамномерен регионален развој" (МЛС, МЗШВ);
- Седници на Стратешкиот одбор во рамки на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија – Северна Македонија;
- Седници на комитетот за следење на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија – Северна Македонија;
- Промотивен настан „Reconomy – Trans Dinarica – прва велосипедска рута која го поврзува регионот на Западен Балкан";
- Инфо сесија Policy learning Interreg Europe (СЕП);
- Учество на Обука за обучувачи;
- Учество на работилница за Бизнис ангели;
- Учество на инфо ден за Еуро Мед Програмата;
- Учество на Обука за апликанти Development and submission of Full Project Proposals (FTP) under Territorial Strategy of the Interreg VI-A IPA BG-MK Programme во Кустендил, Република Бугарија;
- Учество на „Основна обука за ЕУ Праг и управување со договорите за Јавни набавки";
- Учество на настан за обележување на годишнина на македонско-швајцарска дипломатија;
- PROMOTER „Промовирање на територијални стратегии за одржлива мобилност преку хабови на потрошувачи на зелена енергија", Програмата Interreg Europe, учество на тематска работилница врз основ на покана на Општина Кочани;
- Работилница за јакнење на капацитетот на Советот за социјална заштита на Источен плански регион (МЛС, SDC) и други активности;
- Водичот за развој на социјални услуги во планските региони, изработен во рамки на грантовата шема на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза";
- Работилница за градење капацитети и размена на искуства, со цел намалување на разликите помеѓу Центрите за развој на планските региони со акцент на климатски промени и мерки за ублажување на последиците;
- Годишна конференција на Центрите за развој на планските региони и евалуирачка работилница за проект „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" – фаза II;
- Организација на промотивен ден на Источниот плански регион „Регионот на длanка";
- Организација на настан за промоција на резултатите во рамки на грантовата шема „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза" за инвестициискиот проектот „Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица Др. Иван Влашки, 4-та ламела Берово";

XVI. Спроведени јавни набавки од страна на Центарот за развој на Источен плански регион

Во текот на 2024 година Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки:

- Набавка на услуги од друштво за вршење сметководствени работи;
- Набавка за вршење на ревизија на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион;
- Јавни набавки за потребите на проектот „Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица Берово, 4-та ламела, општина Берово";
- Јавни набавки за потребите на проектот „Збогатување на туристичката понуда во Источниот плански регион (Општина Штип, Пробиштип, Пехчево и Берово)";
- Јавна набавка за одржување на агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина во Источен плански регион;
- Јавна набавка за потребите на проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион (Општина Штип, Карбинци, Кочани, Виница и Македонска Каменица)";
- Јавни набавки за избор на ЕО за „Ревизија, ажурирање и дополнување на постојната физибилити студија за Ски центар Царев Врв со изработка на идеен проект";
- Јавна набавака за избор на ЕО за потребите на проектот „Подобрување на условите за развој на планинско-рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква преку изградба на улица во викенд населба во СРЦ Пониква";

XVII. Седници на Советот за развој на Источен плански регион

Центарот за развој на Источен плански регион во периодот јануари - декември 2024 година, подготви и организираше **5 (пет) седници** на Советот за развој на Источен плански регион.

На ден 04.03.2024 година, во општина Карбинци, се одржа XV (Петнаесеттата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На Седницата на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и се донесени:

- Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2024 година со индикативно планирани средства за 2025 година;
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала";
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2023 година;
- Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - II фаза" за 2023 година;
- Презентација на Комуникациска стратегија на Центар за развој на Источен плански регион за 2024-2026;
- Разно.

На ден 28.03.2024 година, се одржа XVI (Шеснаесеттата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и се донесени:

- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026 за 2023 година;
- Одлука за одобрување на Образецот за евиденција на развојните потенцијали на планските региони од значење за регионалниот развој за 2023 година, пополнет од страна на Центар за развој на Источен плански регион;
- Договор за дополнителни средства за финансирање на задачите и активностите на ЦРИПР за 2024 година;
- Обврски на општини за кофинансирање на ЦРИПР и проекти;
- Разно.

На ден 25.06.2024 година се одржа XVII (Седумнаесеттата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани следните точки:

- Одлука за преотстапување на изграден објект „Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село – општина Штип";
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Канали за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река";
- Одлука за преотстапување на изграден објект „Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов" – Виница";

- Одлука за развој, разработка и имплементација на проект „SERENE - Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград";
- Разно.

На ден 01.11.2024 година се одржа XVIII (Осумнаесеттата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На Седницата на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и донесени:

- Одлука за преотстапување на изграден објект „Доуредување на барски екосистем Езерце – III фаза";
- Информација за статус на проекти финансирани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година;
- Избор на Претседател на Совет за развој на Источен плански регион;
- Информација за отпочнување на постапка за избор на Директор на Центар за развој на Источен плански регион – Штип - 1 извршител за период / мандат од 4 (четири) години со Предлог - Согласност за вработување / Известување за обезбедени финансиски средства и Предлог – Одлука за отпочнување на постапка за избор на директор;
- Акционен план за 2025 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021 -2026 година;
- Одлука за позајмица на средства за реализација на Проект „EcoScape";
- Разно.

На ден 18.12.2024 година се одржа XIX (Деветнаесеттата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На Седницата на Советот за развој на Источен плански регион, беа разгледани и донесени:

- Одлука за преотстапување на изграден објект „Поплочување на улици во автентичен стил во населба Ново Село – II фаза";
- Одлука за преотстапување на објекти „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион (Општина Штип, Карбинци, Кочани, Виница и Македонска Каменица)";
- Одлука за усвојување на Финансиски план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година за развој на Источен плански регион;
- Информација за реализирани проекти и проекти во фаза на реализација на Центарот за развој на Источен плански регион 2023-2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
- Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2025 година;
- Записник од Комисија за проверка на поднесените документи од пријавените кандидати по Јавниот оглас за избор на Директор на ЦРИПР со Предлог - Одлука за избор на Директор на Центар за развој на Источен плански регион – Штип - 1 извршител за период / мандат од 4 (четири) години;
- Согласност за вработување / Известување за обезбедени финансиски средства;

- Решение за утврдување престанок на мандатот Директор на Центар за развој на Источен плански регион;
- Разно.


Изработил:
Зујица Ангелова
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Трајче Здравков

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2024 ГОДИНА



Март 2025

Врз основа на член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Директорот на Центарот доставува на усвојување Годишен финансиски извештај за работа на Центарот за развој на Источен плански регион до Советот за развој на Источен плански регион.

Основа за изработка на извештајот се:

1. Завршната сметка на Центарот за развој на Источен плански регион за 2024 година и
2. Завршната сметка на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза" за 2024 година.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Основна сметка: 880006116678918
ЕДБ: 4029008502164
МБ: 6362800

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2023	2024
1.	Пренесен вишок на приходи од претходни години	62.578.747,00	43.279.418,00
2.	Трансфер на средства од општините за тековно работење на Центарот	1.216.380,00	1.488.700,00
3.	Трансфер на средства од МЛС согласно Договорот за соработка	1.200.000,00	1.200.000,00
4.	Приходи од менаџирање на проекти МЛС-БРР	756.241,00	1.210.008,00
5.	Приходи од менаџирање на проекти општини	1.267.405,00	2.656.811,00
6.	Трансфер на средства за реализација на проекти МЛС-БРР	26.276.813,00	44.264.429,00
7.	Трансфер на средства за кофинансирање на проекти од општините	19.930.622,00	11.622.932,00
8.	Трансфер на средства од МЗШВ за реализација на проекти	1.170.855,00	-
9.	Трансфер на средства од АФПЗРР за реализација на проекти	9.448.317,00	-
10.	Приходи од менаџирање на проекти, SDC, CBC, ЕУ	104.056,00	343.866,00
11.	Останати приходи (наплата на гаранција, наплата на штета, и сл.)	1.540.161,00	153.218,00
	ВКУПНО:	**125.489.598,00**	**106.219.382,00**

(во денари)

Ред. бр.	РАСХОДИ	2023	2024
1.	Бруто плати и надоместоци	4.386.981.00	5.274.116,00
2.	Патни и дневни расходи во земјата и странство	130.992,00	42.216,00
3.	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	185.982,00	398.423,00
4.	Горива и масла	135.595.00	181.000,00
5.	Прехранбени продукти, хигиенски средства, канцелариски материјали	29.232,00	48.283.00
6.	Организација на работилници	7.640,00	-
7.	Регистрација и осигурување на возило, опрема и патничко осигурување	36.382,00	53.690,00
8.	Поправка и одржување на возило	3.650,00	164.905,00
9.	Сметководствени услуги	90.570,00	125.000,00
10.	Договорни услуги и ПАВ	940.189,00	545.947.00
11.	Други оперативни расходи	174.503,00	115.597,00
12.	Финансирање на нови програми и подпрограми (проекти)	76.079.165.00	55.544.768,00
13.	Купување на опрема	9.299,00	-
	ВКУПНО:	**82.210.180,00**	**62.493.945,00**
	Пренесен вишок на приходи во наредна година	*43.279.418,00*	*43.725.437,00*

ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ – ФАЗА 2

Сметка на проектот: 8800061166785H0
ЕДБ: 4080021136911

(во денари)

Ред. бр.	ПРИХОДИ	2023	2024
1.	МЛС-SDC	302.000,00	6.445.214,00
2	Пренесен дел од вишокот		27.000,00
	ВКУПНО:	**302.000,00**	**6.472.214,00**
	РАСХОДИ	**2023**	2024
1.	Реализирани проектни активности	403.200,00	6.004.542,00
2.	Договорни услуги за Бизнис Центар	/	45.000,00
3.	Расходи за репрезентација на настан - Работилница за јакнење на капацитетот на Советот за социјална заштита на ИПР; - Промстивен настан ОИРРР – II фаза;		62.000,00
	ВКУПНО:	**403.200,00**	**6.111.542,00**
	За пренос во наредна година	27.000,00	360.672,00

Изработил:
Зујица Ангелова
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Трајче Здравков